МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 31 став 7 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОТКУПУВАЧИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОТКУПНИТЕ МЕСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Во Правилникот за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите на земјоделски производи и поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупните места на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/10, 144/10, 156/11, 40/13 и 138/13) во член 4 во точката е) зборот: „баждарени“ се заменува со зборот: „верифицирани“.

## Член 2

Во член 5 во ставот (2) се додава нова алинеја 5 која гласи:

„ –доколку врши откуп на нелупен ориз треба да располага со опрема за преземање (статична вага со капацитет на мерење до 50 тона или мобилна вага со капацитет на мерење над 200 кгр. и опрема за чистење на зрното), опрема за оценка и сортирање на квалитетот на зрното при прием и излез (влагомер).“

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„ (5) Доколку откупот се врши на мобилно откупно место, откупувачот на нелупен ориз треба да располага со статична вага со капацитет на мерење до 50 тона или мобилна вага со капацитет на мерење над 200 кгр., влагомер и соодветно транспортно средство за жита.“

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр.02-22070/4

10 јануари 2014 година
Скопје